# Чудна шума - втор дел

Емилија Божиновска



# „Чудна шума - втор дел" на Емилија Божиновска

Композиции од разиграни растителни форми кои со ритмичкото повторување на мотивите асоцираат на визуелна поезија. Разбрануваните аморфни (поретко строго геометриски) форми во најновиот проект на Емилија Божиновска претставуваат продолжение на идејата која ја развива уште од студенските денови, идеја генерирана од значењето на шумата.

Во „Чудна шума - втор дел" претставени се колажи изработени од готова обоена хартија, материјал кој ја поттикнува спонтаноста во изразот со која настануваат фрагментите на дрвјата. Материјалот нуди безброј можности за „детски игри на импровизација", а истовремено помага и во постигнувањето едноставни визуелни решенија. Врз еднобојната плоха се монтираат исто така еднобојни (понекогашсветликави) фрагменти од хартија, за да се постигне конечниот ефект на динамична шарена/декоративна структура.

Колажите се различни и има  избор од неколку фази, но тука не застанува интересот за ваквиот начин на израз. Во овој случај, авторката сака да го прикаже начинот на создавање колаж, излегува надвор од ограниченоста на листот/ подлога за лепењето форми и продолжува во освојување на просторот од галеријата.

Маја Чанкуловска

организација: Контрапункт, Скопје, 2003
текст: Маја Чанкуловска
Контрапункт, контакти: Илинденска 38, Скопје, тел. 02 3215494
kontrapunkt@koma.com.mk

# "Peculiar Forest - second part" by Emilija Bozinovska

Compositions of playful vegetative forms, which with their rhythmical repeating of motifs associate of visual poetry. The wave-like amorphic (rarely strictly geometric) forms in Emilija Bozinovska's latest project, are a continuation of the idea which she's been developing since her studies, an idea genereted from the meaning of the forest.

"Peculiar Forest - second part" presents collages made of standard colored paper, a material which stimulates spontanity of expresion and through which fragments of the trees originate. The material offers endless opportunities for "childrens' games of improvisation", and in turn helps achieve simple visual solutions. Single-coloured (sometimes shiny) paper fragments are mounted on top of the monochrome plain, in order to achive the final effect of a dynamic colourful / decorative structure.

The collages are different and come from several phases, but the interest for this kind of expression does not end here. In this case, the author wants to present the way collages are created, she steps out of the boundaries of the piece of paper as a basis onto which the forms are glued and continues with an action of conquering the gallery space.

Maja Chankulovska

Изложбата е дел од проектот „Слевање на маргините" поддржан од

**Swiss Cultural Programme Macedonia**

DEZA
DDC
DSC
SDC
COSUDE

PRO HELVETIA

Arts Council of Switzerland



# Peculiar forest - second part

Emilija Bozinovska